Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Локални избори 2013

# Анализа на финансиски извештаи за првите 10 дена од кампањата

WWW.MOJOTIZBOR.MK

2013 МОЈОТ ИЗБОР

Локални избори 2013

# Анализа на финансиски извештаи за првите 10 дена од кампањата

**Библиотека:** Избори
**Серија:** Локални избори 2013

**Издавачи**
Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје (ИДСЦС)
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**За издавачите**
Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС
Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС
Димче Митрески, извршен директор на МЦМС

**Автор**
Александар Талимциоски, ИДСЦС

**ISBN:** 978-608-4681-10-6

**Скопје**, март 2013 г.

**Контакт**
Адреса: ИДСЦС, ул. Крагуевачка бр. 2, 1000 Скопје.
Тел. +389/2/ 3094-760; е-пошта: contact@idscs.org.mk; Веб: http://www.idscs.org.mk/;

Facebook: https://www.facebook.com/IDSCS

Twitter: https://twitter.com/mojotizbor; Facebook: https://www.facebook.com/mojotizbor

Пријавување неправилности во изборниот процес: https://mojotizbor.crowdmap.com/

Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите на издавачите или донаторите на овој извештај.

**ИДСЦС, МЦМС**
Сите права се задржани. Репродуцирање, копирање, трансмисија, превод или адаптација на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено за образовни цели, заради цитирање и со претходна дозвола на издавачите и соодветно објавување на изворот.

# Содржина

Вовед ........ 4

Приходи ........ 5

Расходи ........ 6

Донатори – Правни субјекти и физички лица ........ 7

Разлика меѓу приходи и расходи ........ 9

Анализа на поодделни расходи ........ 10

Други релевантни показатели ........ 11

# Вовед

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Институтот за демократија Социетас цивилис - Скопје (ИДСЦС), во рамки на проектот „Мојот избор“ спроведуваат повеќе заеднички активности за локалните избори 2013 година, кои вклучуваат истражувања, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето.

Оваа анализа е направена врз основа на финансиските извештаи за првите 10 дена од кампањата од страна на политичките партии и кандидатите за градоначалници на претстојните локални избори до Државната изборна комисија (ДИК). Тука се анализирани финансиските извештаи на 13 политички партии и коалиции со нивните кандидати: Демократска партија на Албанците (ДПА), Национална демократска преродба – Демократска партија на Турците во Македонија (НДП-ДПТМ), Внатрешно македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), Социјал-демократска унија (СДУ), Народно движење за Македонија (НДМ), Сојуз на Ромите на Македонија (СРМ), Демократска унија за интеграција (ДУИ), Српска напредна странка во Македонија (СНСМ), Обединети демократски сили на Ромите (ОДСР), Демократска обнова за Македонија (ДОМ), Либерална партија (ЛП), Партија за европска иднина (ПЕИ) и Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ).

Основна цел на овој извештај е да се даде колку може попрегледен опис на приходите и расходите кои политичките партии ги имале од почетокот на кампањата како и на изворите на финансирање на изборната кампања. Покрај тоа направена е подетална споредба на одделни трошоци во текот на кампањата кои се клучни за одвивањето на истата.

Покрај важноста на видот на изворите на финансирање на политичките кампањи ние тука даваме и подлабок осврт на карактерот на трошоците со едноставно споредување на прикажаните трошоци за првите десет дена од кампањата. Даден е описот на трошоците и намената за што точно тие биле потрошени во овој дел од кампањата. Оваа анализа нема намера да навлегува во политиката на плаќање на даноци од страна на партиите во текот на кампањата туку само настојува да даде еден поширок приказ на искажаните трошоци во финансиските извештаи доставени до ДИК.

Секоја политичка партија имаше обврска според Изборниот законик да отвори посебна банкарска сметка која ќе се користи за приходите и расходите поврзани со водењето на предизборната кампања.

Основен извор на податоци при оваа анализа се извештаите кои се доставени до ДИК и можат да се преземат на (http://www.sec.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=92).

## Приходи

Овој документ има за цел да даде слика за приходите и расходите на почетокот на кампањата, поточно во првите 10 дена врз база на доставените извештаи до ДИК. Од направената анализа може да се констатира дека во текот на првите 10 дена од изборната кампања најголеми приходи има коалицијата предводена од СДСМ со 15.420.000 денари (250.000 евра), потоа ДУИ со 6.530.500 денари (106.000 евра), потоа коалициите предводени од ВМРО-ДПМНЕ со 3.000.000 денари (48.000 евра), по нив следува коалицијата НДП-ДПТМ со 1.508.011 денари (24.500 евра), па ДПА со 908.500 денари, ДОМ со 377.025 денари, Сојуз на Ромите (СРМ) со 150.000 денари, СДУ со 128.400 денари, ЛП со 34.000 денари и ПЕИ кои имаат приход од 1.000 денари. НДМ, СНСМ и ОДСР немаат никакви пријавени приходи за првите десет дена од кампањата.

**Графикон 1. Сооднос на приходи во текот на првите десет дена од кампањата изразени во денари**



## Расходи

Според финансиските извештаи поднесени од страна на коалициите и политичките партии до ДИК на 14.3.2013 година најмногу потрошени средства за кампањата досега има коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ со вкупно 44.884.337 денари (730.000 евра). По нив според висината на потрошените средства за кампања следуваат СДСМ со 13.659.027 денари (222.100 евра), ДУИ со 5.914.940 денари (96.000 евра), потоа НДП-ДПТМ со 1.198.683 (19.490 евра), Демократската партија на Албанците со 510.194 денари, ДОМ со 377.005 денари, НДМ со 234.122 денари, СРМ со 113.005 денари и СДУ со потрошени 65.240 денари. ПЕИ, СНСМ, ЛП и ОДСР немаат пријавен трошок за кампањата во првите десет дена.

**Графикон 2. Соодност на расходи во текот на првите десет дена од кампањата изразени во денари**



## Донатори – Правни субјекти и физички лица

Според карактерот на приходите ДУИ е финансирана од 14 донатори како физички лица и четири правни субјекти, СДСМ има четири донатори како физички лица и приход од други субјекти, ВМРО-ДПМНЕ има 50 донатори и тоа сите физички лица, НДП-ДПТМ е финансирана од 6 физички лица и еден правен субјект, ДПА од 16 физички лица и од сопствената партиската сметка, СРМ од сопствената партиска сметка, СДУ од сопствената партиска сметка, ДОМ од осум физички лица, едно правно лице и од членарина од сопствените членови, ЛП од три физички лица, а ПЕИ има донации од само едно физичко лице. Во овој дел од кампањата единствено ДПА, НДП-ДПТМ, СДУ, СРМ и СДСМ имаат префрлено средства од нивните партиски сметки на посебната сметка за водење на кампања.

**Графикон 3. Донатори на политичките партии кои се физички лица (број на луѓе)**




**Графикон 4. Донатори на политичките партии кои се правни субјекти (број на правни субјекти)**



**Графикон 5. Приходи од донации на физички лица изразени во денари**




**Графикон 6. Приходи од донации на правни лица и од партиските сметки изразени во денари**



## Разлика меѓу приходи и расходи

ВМРО-ДПМНЕ и НДМ имаат потрошено повеќе средства отколку што прибрале по основ на донации и други приходи. ВМРО-ДПМНЕ има потрошено 41.884.337 денари повеќе отколку што изнесуваат нивните приходи, или тоа се приближно 681.000 евра, додека НДМ освен расходите од 234.122 денари нема прикажано никакви приходи. Другите партии: ДПА, НДП-ДПТМ, СДУ, СРМ, ДУИ, СНСМ, ОДСР, ДОМ, СДСМ, ЛП и ПЕИ трошеле во рамките на своите приходи со што им останувaат средства кои може да ги трошат во вториот дел од кампањата.

**Графикон 7. Разлика меѓу приходите и расходите на политичките партии во првите десет дена од кампањата изразени во денари**



## Анализа на одделни расходи

Деталната анализа на категориите на трошоците кажува дека најмногу пари се трошеле на издатоци за реклама и пропаганда, изнајмување на простор и опрема и на транспортни трошоци. Треба да се напомене дека само ВМРО-ДПМНЕ, НДМ и ДОМ прикажале трошоци за копирање, печатење и издавање.

**Графикон 8. Споредба на транспортни трошоци во првите десет дена од кампањата изразени во денари**




**Графикон 9. Споредба на трошоци за реклама и пропаганда изразени во денари**



**Графикон 10. Споредба на трошоци за изнајмување на простор и опрема изразени во денари**




**Графикон 11. Споредба на трошоци за копирање, печатење и издавање**




## Други релевантни показатели

Кај поголемиот дел од извештаите паѓа во очи и неискажувањето даноци за персонален данок на доход. Од другите даноци кои се плаќаат на државата од сите извештаи може да се забележи дека само коалициите на ВМРО-ДПМНЕ имаат уплатено 34.000 денари по основ на други даноци и придонеси, додека сите други останати партии немаат никакви трошоци по овој основ. Финансиските извештаи на дел од партиите покажуваат и помали трошоци за: потрошени материјали, комунални услуги, услуги за копирање печатење и издавање, интелектуални услуги и други расходи. Во ниеден извештај нема прикажано било какви трошоци за вршење на услуги за статистички истражувања во кои спаѓаат и испитувањата на јавното мислење.